**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Тринаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 4.7.2019 година

Скопје, јули 2019 година

З А П И С Н И К
од Тринаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
одржана на 4.7.2019 година

Седницата започна во 13:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Атула Касуми, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Виктор Митевски, Министерство за финансии; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Хајрије Сопи, Министерство за култура; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата присуствуваа и: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи (замена за Славјанка Петровска); Јован Гиовски, Агенција за млади и спорт (замена за Дарко Каевски); Марија Савовска од Акција Здруженска (замена за Ирена Цветковиќ); Борјан Павловски од Здружение ЕСЕ (замена за Елизабета Божиновска); Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка, Александра Крстевска од Националниот демократски институт (НДИ); Маја Петковска Лесес од Кабинетот на Министерот за комуникации, отчетност и транспарентност и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска, Загорка Видоевска и Љавдие Лецај.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од дванаесетта седница на Советот, одржана на 22.5.2019 година

1. Предлог-Национална стратегија за развој на концептот на едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија

2. Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

3. Номинирање на седум претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2014-2020 (за областите: Владеење на правото и фундаментални права; Транспорт; Животна средина и просторно планирање; Демократија и владеење; Образование, вработување и социјална политика; Конкурентност и иновации и Земјоделство и рурален развој)

4. Номинирање на шест претставници од граѓанскиот сектор, како членови и заменици членови, во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017, Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика и членови во Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика“ за ревизија на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика – ЕСРП 2020

5. Годишен извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година

6. Барање за унапредување на учеството на граѓанските организации во процесот на подготовка на Законот за здравствена заштита

7. Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации (за информирање)

8. Прашања и предлози

*

*　*

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор едногласно и без забелешки го усвои Записникот од дванаесеттата седница на Советот, одржана на 19.3.2019 година.

**Точка 1**

Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка ги запозна членовите на Советот со целите и стратешките области на Нацрт-Националната стратегија за развој на концептот на едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија и текот на консултативниот процес. Целта на овој стратешки документ, што треба да го усвои Собранието, е да се подобри интеркултурната комуникација во Република Северна Македонија помеѓу различните култури и заедници, врз основа на принципите на еднаквост и недискриминација, во согласност со препораките на меѓународните тела на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската комисија и ОБСЕ и од поделено да се промовираме во општество кое е и фер и правично и ги прави граѓаните поеднакви и порамноправни. Во согласност со определбата на Владата за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување политики, формирани се работни групи составени од претставници на институциите и граѓанското општество и спроведени се консултации и јавни дискусии ширум земјата. . Документот се состои од седум стратешки области (кластери): Правна рамка, Образование, Локална самоуправа, Култура, Млади, Медиуми и Општествена кохезија, кои содржат анализа на состојба, приоритети и цели, како и акциски дел, а за секој од кластерите назначени се координатори. Стратегијата е проектирана на три години по кои повторно ќе се преиспитаат процесите и ќе се направи анализа за натамошните чекори.

Гордана Гапиќ-Димитровска го поздрави партиципативниот процес на изработка на Стратегијата, а во однос на механизмите за координација на следењето на нејзиното спроведување како пример ја посочи Стратегијата за реформа на јавната администрација.

Душан Томшиќ предложи следењето на имплементацијата на оваа Стратегија да биде во надлежност на Собранието и, да се формира интерпарламентарна група во проширен состав. Исто така истакна дека е важно Стратегијата да го регулира дејствувањето на навивачките групи, кои често шират говор на омраза.

Марија Савовска изрази задоволство со опфатот на прашањето за родова еднаквост, но укажа дека дополнително ќе достави конкретни предлози. Исто така, истакна дека потребно е да се синхронизираат мерките содржани во Стратегијата со процесите на измени и донесувања на закони, а како пример го посочи Законот за основно образование. Сафет Незири додаде дека за да се развие духот на едно општество и мултикултурализам, појдовна точка треба да биде образованието за чија реформа ни престои долг процес.

Јасна Мандиќ укажа да се посвети поголемо внимание на недостигот на стручни кадри.

Атула Касуми информираше дека новото Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците е формирано и согласно Анализата на социјалната кохезија постои можност процесот на координирање и следење на имплементирањето на оваа Стратегија да биде негова надлежност. Исто така додаде дека за нејзина реализација неопходен е концизен акциски план и обезбедување на финансиски средства.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Нацрт-Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија.
2. Се препорачува Нацрт-Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија да се достави до сите надлежни институции на мислење, со цел да се синхронизираат предвидените мерки со процесот на подготовка на стратешките планови и Буџетот на Република Северна Македонија.
3. Се препорачува Нацрт-Националната стратегијата за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија да се објави на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) за консултации со јавноста.

**Точка 2**

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска ги образложи измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, подготвени од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат согласно заклучоците од 12. седница на Советот, со кои се уредува постапката за номинирање претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела.

Зоран Илиевски предложи да се направи измена на Деловникот за работа на Советот и да се предвиди електронско гласање во случаите кога нема потреба од физичко присуство на членовите.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа и донесе Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во предложениот текст.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со кој ќе се уреди одржување на дописна седница на Советот и гласање по електронски пат.

**Точка 3**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа пристигнатите четиринаесет пријави по Јавниот повик за избор на седум претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2012-2020, објавен на 28.5.2019 година на веб-страницата на www.nvosorabotka.gov.mk заедно со Табелата за извршена административна проверка на пријавите од страна на Одделението за соработка со невладини организации и гласаше поединечно за секој од пријавените кандидати.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа пристигнатите пријави по објавениот Јавен повик за избор на седум претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот на спроведувањето на ИПА 2012-2020 и со 17 гласови „За“, од кои 10 гласови од членовите од редот на граѓанските организации одлучи за претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2012-2020 да ги номинира следните кандидати:

Сектор владеење на правото и фундаментални права:
- Гоце Коцевски – Македонско здружение на млади правници – МЗМП Скопје

Сектор транспорт:
- нема пријавено кандидати;

Сектор животна средина и просторно планирање:
- Давор Пехчевски – Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест, Скопје

Сектор демократија и владеење:
- Марија Савовска – Здружение за унапредување на родовата еднаквост АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА

Сектор образование, вработување и социјална политика:
- Сузана Пецаковска – Фондација Отворено Општество – Македонија;

Сектор конкурентност и иновации
- Игор Георгиев – Центар за одржлив развој ЕЛИПСА, Куманово;

Сектор земјоделство и рурален развој
- Ивана Срцева Синадиновска – Здружение за локален и рурален развој.

## Точка 4

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа пристигнатите десет пријави по Јавниот повик за избор на три членови и три заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика, објавен на 28.5.2019 година на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk заедно со Табелата за извршена административна проверка на пријавите од страна на Одделението за соработка со невладини организации и барањето на Министерството за труд и социјална политика за номинирање претставници од граѓанскиот сектор во Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика“ за ревизија на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика – ЕСРП 2020 и гласаше поединечно за секој од пријавените кандидати.

**Заклучоци:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа пристигнатите пријави по објавениот Јавен повик за избор на три членови и три заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика и со 16 гласови „За“,

од кои 9 гласови од членовите од редот на граѓанските организации одлучи да ги номинира следните кандидати:

1. За претставници од граѓанскиот сектор во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017 Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика:

   Област образование
   - Член – Наташа Анѓелеска – Фондација Отворено Општество Македонија
   - Заменик член – Дамјан Николовски – Здружение за дислексија АЈНШТАЈН

   Област вработување
   - Член – Зоран Илиески – Коалиција на младински организации СЕГА
   - Заменик член – Тони Станковски - Здружение на граѓани за помош и поддршка на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ СКОПЈЕ

   Област социјална политика
   - Член - Васка Драшковиќ - Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија
   - Заменик член - Ивона Сталевска - Фондација Отворено Општество – Македонија

2. За претставници во Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика“ за ревизија на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика – ЕСРП 2020:
   - Љупчо Тошев – Фондација Агро-центар за едукација;
   - Томислав Гајтановски – Коалиција на младински организации СЕГА и
   - Сузана Велковска – Фондација Отворено општество – Македонија.

**<u>Точка 5</u>**

Гордана Гапиќ-Димитровска го презентираше Годишниот извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година, подготвен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат. Таа потенцираше дека за прв пат се изработува ваков извештај каде што се дава преглед како секое од министерствата ги спроведувало консултациите со засегнатите страни при изработката на закони. Извештајот содржи и препораки со цел унапредување на квалитетот на одлучување и јакнење на партнерството и довербата на граѓаните во работата на државните институции. Дополнително напомена дека Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) не треба да биде единствениот канал за консултирање на јавноста, туку да се практикуваат и други начини на консултации (работни групи, анкети, јавни расправи). Таа информираше дека се планира ЕНЕР да биде унапреден со тоа што ќе се овозможи поднесување наOnline иницијативи и предлози од засегнатите страни со механизам за повратен одговор за други типови на документи.

Ана Чоловиќ-Лешоска укажа на спецификите на консултациите за документите во областа на животната средина, не само на предлози на закони.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓански сектор го разгледа и утврди позитивно мислење по Годишниот извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година и оцени дека препораките содржани во него се насочени кон унапредување на квалитетот на одлучување и јакнење на партнерството и довербата на граѓаните во работата на државните институции.

**Точка 6**

Борјан Павловски, координатор на Програма за јавно здравје и здравје на жените при Здружението ЕСЕ информираше дека од почетокот на јули 2017 година до декември 2018 година од страна на 20 граѓански организации доставени се вкупно 55 предлози за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита во насока на унапредување на степенот на здравствена заштита на населението, од кои целосно прифатени се 6 предлози, а 3 се делумно прифатени. Групата од 20 граѓански организации побарала средба со министерот за здравство со цел повторно да се разгледаат доставените предлози, но и причините зошто истите не се прифатени.

Ангелина Бачановиќ објасни дека процесот на консултации со засегнатите страни е започнат со рано вклучување на граѓанските организации. До Министерството за здравство доставени се 450 предлози и иницијативи, поради што наместо измени и дополнувања, се пристапи кон изработка на нов Закон за здравствена заштита, кој се уште е работен текст и процесот на консултации е отворен. Министерството за здравство при подготовка на предлози на закони спроведува проценка на влијанието на регулативата, а во Извештајот за ПВР, во делот Консултации ги образложува причините поради кои дел од предлозите не биле прифатени. Маја Петковска Лесес информираше дека во тек е изработка на Стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија и дека дел од овие прашања ќе бидат земени во предвид при подготовката на Стратегијата.

Марија Савовска препорача законите да бидат концизно формулирани, а деталните прашања да бидат уредени во подзаконски акти.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го поддржува инклузивниот процес на подготовка на новиот Закон за здравствена заштита и препорачува Министерството за здравство да ги информира граѓанските организации за причините поради кои дел од нивните предлози не се прифатени.

**Точка 7**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска накратко ја образложи Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2017 година, подготвена од Одделението за соработка со невладини организации, врз основа на добиени известувања од органите на државната управа, а согласно заклучоците содржани во Информацијата за финансиска поддршка на

здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства за 2019 година. Во однос на Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во 2017 и 2018 година, подготвена од Министерството за локална самоуправа, извести дека Информацијата содржи податоци добиени од 40 општини, поради што доставено е барање до министерството за дополнително обезбедување на податоци од преостанатите општини и градот Скопје. Во врска со заклучоците на Советот од 11.седница за подготовка на Компаративна анализа за моделите на финансиска поддршка на граѓански организации во земјите од Западен Балкан и ЕУ, информираше дека Генералниот секретаријат склучи Меморандум за соработка со Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Фани Каранфилова-Пановска информираше дека поради ненавремено обезбедување на податоците од институциите, рокот за подготовката на анализата ќе се пролонгира. Исто така укажа да се направи дополнителен напор за обезбедување на комплетни податоци, за да може во септември да се организира консултативен процес со граѓанските организации..

Јане Чаловски оцени дека податоците за финансиска поддршка на граѓански организации од Министерството за култура се некомплетни и начинот на кој се презентирани не е прецизен.

Ана Чоловиќ-Лешоска истакна дека неопходно е сите средства наменети за граѓанските организации да се доделуваат преку објава на јавен повик со јасно определени критериуми и дека треба да се врши евалуација за потрошените средства.

Зоран Илиевски за следната седница побара Одделението за соработка со невладини организации да го информира Советот дали е донесена Одлука за распределба на средствата од Буџетот на РСМ за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации. На дискусијата се надоврза Фани Каранфилова-Пановска и упати забелешка дека Советот не бил консултиран за составот на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека во фаза на подготовка е Предлог Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година и побара мислење од Советот за висината на средствата што Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат треба да ги предложи во ставката 463-Трансфери до невладини организации. Во текот на дискусијата, членовите на Советот констатираа дека во моментот нема прецизна анализа во однос на тоа колкав износ на средства се доволни за реализирање на Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година, меѓутоа имајќи ја предвид дискусијата и заклучоците по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година од 8.седница на Советот, беше предложено буџетот за Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година да изнесува 60.000.000 денари.

Заклучоци:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја разгледа Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2017 година и Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во 2017 и 2018 година
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации во дневниот ред за седницата на Советот, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk да ги објави прилозите кон материјалот од точка 7.
3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации за наредната седница на Советот да информира за резултатите од Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2019 година.
4. Се препорачува при планирање на Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, во ставката 463-Трансфери до невладини организации, да се предвидат 60.000.000 денари.

**Точка 8**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Обрасците на Нацрт-Упатството за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош на Владата на Република Северна Македонија (ЦДАД) доставени од Секретаријатот за европски прашања.

Седницата заврши во 16:20 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: Елпида Петковска и Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска